Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 03.12.2023

На 02.12.2023 во 20.00 часот во Радовиш, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш го лишиле од слобода Ј.Ш.(31) од Радовиш. Тој бил осуден на казна затвор од шест години за сторено кривично дело по член 188 од Кривичниот законик, а бил баран по централна потерница врз основа на судска наредба за доиздржување на две години од казната. Лицето е предадено во Казнено – поправната установа Затвор Струмица за доиздржување на казната.

На 03.12.2023 во 03.30 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Г.(21) од Скопје. Тој се сомничи дека претходно на подрачје на Центар со шише со запалива течност предизвикал пожар на патничко возило „шкода фабија" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Х.М.(69) од Скопје. Да пожарот било зафатено и патничко возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, сопственост на З.К.(55) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. А.Г. бил задржан во Полициската станица Центар и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (03.12.2023) во 06.30 часот во казино во с.Жеровјане, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го привеле Ќ.Ш.(49) од с.Челопек, тетовско. Тој бил баран со централна потерница врз основа на судска наредба за издржување мерка притвор. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено – поправна установа за издржување на мерката притвор.

На 02.12.2023 во 20.20 часот на подрачје на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полицијс апри СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ј.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајден ани одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.12.2023 во 00.20 часот на Граничен премин Богородица, полициски службеници го лишиле од слобода А.А.(50) од Република Грција затоа што при пасошка контрола и проверка било констатирано дека евидира на стоп листа со мерка „апси". Лицето било предадено на полициски службеници од Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 132 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 25 санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за возење под дејство на алкохол...

Во рамките на вчерашните (2 декември) сообраќајно-контролни активности спроведени на подрачјето на СВР Тетово вкупно биле откриени и санкционирани 16 пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место (ТЕ-12 и ГВ-4), од кои 5 (ТЕ) ја пречекориле брзината за над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Покрај ова, санкционирани се и 4 (ТЕ) пречекорувања на пропишаната брзина во населено место. Со соодветни поднесоци, исто така, биле заокружени и 90 други видови прекршоци (ТЕ-38 и ГВ-52).

Во текот на изминатата вечер (02/03.12.2023), во периодот од 23.00 до 05.00 часот, на територија на Битола спроведена е локална акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата биле алкотестирани 170 возачи, а присуство на алкохол е констатирано кај 10 возачи кои биле соодветно санкционирани. За време на контролата биле санкционирани и осум други видови прекршоци.

На 02.12.2023 во 12.30 часот во ОВР Виница било пријавено дека во с.Лески, виничко, А.З.(32) од с.Лески, управувајќи мотоцикл, изгубил контрола и паднал со мотоциклот. Притоа, со тешки телесни повреди, констатирани во болницата во Кочани, се здобил мотоциклистот. Известен бил јавен обвинител,а увид извршила увидна екипа од ОВР Виница.

На 02.12.2023 во 16.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Индира Ганди" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(35) од Скопје и мотоцикл управуван од А.А.(38) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Додека, со телесни повреди, констатирани, исто така, во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", се здобил С.М.(33) од Куманово, сопатник на мотоциклот. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Скопје.

На 02.12.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, Љ.Л.(44) од Скопје пријавила дека на ул.„Мариовска" била каснат од куче скитник.

На 02.12.2023 во 21.40 часот во Полициската станица Драчево, Н.Т.(82) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаиниколов" бил каснат од куче скитник.

На 02.12.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Чаир, Б.Б.(44) од Скопје пријавил дека на ул.„Александар Урдаревски" бил каснат од куче скитник.

03.12.2023

ДОПОЛНЕНИЕ-ИЗВАДОК ОД ДНЕВНИТЕ НАСТАНИ

На 02.12.2023 во 10.30 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Х.Д.(27) од Штип. Тој се сомничи дека на 01.12.2023 во периодот од 18.00 до 00.00 часот со употреба на сила влегол во куќата сопственост на Е.С. од Штип и одзеле повеќе предмети. Одземеното било пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (03.12.2023) во 01.05 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Б.Ф.Ц.(50) од САД затоа што во угостителски објект на подрачје на Центар го нарушил јавниот ред и мир и агресивно се однесувал кон присутните и кон полициските службеници кои вршеле службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2023 во 17.20 часот во казино на подрачје на Карпош, полициски службеници го привеле С.А.(41) од Скопје затоа што кај него бил пронајден пиштол. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2023 во СВР Охрид бил извршен службен разговор со И.Р.(45) од Охрид поради сомнение дека околу 19.10 часот во Охрид, по претходно недоразбирање, со неговото возило го удрил Д.Т.(22) од Охрид. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2023 во 00.15 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле К.И.(33) од Тетово затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 03.12.2023 во 00.30 часот во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода Г.Ш.(24) и Е.Б.(44), двајцата од Охрид, затоа што агресивно се однесувале и упатиле закани кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 03.12.2023 во 01.30 часот во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го привеле В.Т.(48) од Прилеп затоа што во угостителски објект во Прилеп го нарушил јавниот ред и мир и оштетил дел од инвентарот. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 02.12.2023 во 23.30 часот во Валандово, полициски службеници од ОВР Валандово ја лишиле од слобода С.В.(50) од Валандово затоа што физички го нападнала нејзиниот сопруг. За настанот бил известен јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 02.12.2023 во 19.20 часот во Полициската станица Центар, 21-годишник од Република Турција пријавил дека бил измамен од женско лице од Скопје. Според пријавеното, откако на 29.11.2023 на социјалната мрежа Фејсбук видел дека лицето изнајмува стан, стапил во контакт со неа и договориле средба. Како што е пријавено, на средбата тие се договориле да го изнајми станот, по што и дал 200 евра и земал клуч од станот, но не отишле да го видат затоа што наводно имало станари. Според пријавеното, на 02.12.2023 тој отишол до станот, но не можел го отвори со клучот, по што ја побарал телефонски, но не му одговорила и сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2023 во 23.40 часот во СВР Штип, Т.П.(39) од Штип пријавила дека околу 23.30 часот во Штип, нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од неколку малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.12.2023 околу 22.09 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека во угостителски објект на ул.„Маршал Тито", сопственост на О.О.(31) од Струга настанал пожар. Пожарот е изгаснат од екипа на Територијалната противпожарна единица Струга, а повредени лица нема. Извршен бил увид.

На 02.12.2023 во 20.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје го привеле З.С.(59) од Скопје затоа што во угостителски објект на подрачје на Центар го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (03.12.2023) во 01.11 часот во СВР Скопје, А.С.(34) од с.Кетеново, кратовско, пријавила дека околу 00.50 часот на работното место на бензиска пумпа на подрачје на Аеродром била физички нападната од три женски лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2023 во 19.02 часот во СВР Скопје, Љ.Т.(59) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот во населба Илинден бил физички нападнат од З.Б.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (03.12.2023) во 00.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека во близина на парк шумата Гази Баба било пронајдено лице кое барало помош. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека лицето е К.К.(22) од Скопје. Во разговор со полициските службеници тој пријавил дека поради долг во парк шумата Гази Баба бил физички нападнат од неколку лица, од кои дел познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2023 во СВР Скопје било пријавено дека во 15.30 часот на подрачје на Аеродром бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.П.(38), В.С.(53), М.Г.(27) и Д.С.(32), сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.12.2023 во 21.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на подрачје на Чаир едно лице со закана кон вработената одзело пари од прометот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет